ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS OF CULTURE AND MUSEUM - STRUMICA

# THE CULT OF THE HOLY FIFTEEN TIBERIOPOLIAN HIEROMARTYRS IN THE MEDIEVAL AND THE NEWER EPOCH - HISTORY, CULTURE, TRADITION.

**(Materials from the first scientific meeting in honor of the Holy Fifteen Tiberiopolian Hieromartyrs held in Strumica from 7th to 9th December 2018 organized by the NI Institute for protection of cultural monuments and Museum – Strumica)**

Strumica
2019

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# КУЛТОТ ЗА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ВО СРЕДНОВЕКОВНАТА И ВО ПОНОВАТА ЕПОХА - ИСТОРИЈА, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

**(Материјали од првиот научен собир во чест на св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици одржан во Струмица од 7 до 9 декември 2018 година во организација на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица)**

Струмица
2019

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Александар Атанасовски
Сашо Цветковски
Васил Ѓоргиев-Ликин
Бранко Ѓоргиев, секретар на редакцискиот одбор

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

271.2-34(497.742)(062)

КУЛТОТ за Св. Петнаесет Тивериополски свештеномаченици во средновековната и во поновата епоха - историја, култура и традиција : (материјали од првиот научен собир во чест на св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици одржан во Струмица од 7 до 9 декември 2018 година во организација на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј- Струмица) / [редакциски одбор Александар Атанасовски ... [и др.] ; превод од македонски јазик на англиски јазик Македонка Маџирова]. - Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2019. - 265 стр. : илустр. ; 24 см. - (Едиција Научни собири ; кн. 3)

На напор. насл. стр.: The cult the holy Fifteen tiberiopolian hieromartyrs in the medieval and the newer epoch - history, culture, tradition : (materials from the first scientific meeting in honor of the Holy Fifteen tiberiopolian hieromartyrs held in Strumica from 7th to 9th December 2018 organized by the NI Institute for protection of cultural monuments and Museum - Strumica). - Фусноти кон текстот. - Summary. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4845-05-8
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Свети петнаесет тивериополски свештеномаченици - Собири
COBISS.MK-ID 111475466

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И
МУЗЕЈ – СТРУМИЦА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА И ИСТОРИСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

ЕДИЦИЈА - НАУЧНИ СОБИРИ
КНИГА 3

## Кон Зборникот на трудови

Првиот научен собир /во чест на покровителите и заштитниците на градот Струмица../ -св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици се одржа, од 7 до 9 декември 2018 година, на тема: *Култот за св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици во средновековната и во поновата епоха – историја, култура и традиција*. Собирот се одржа во организација на Националната Установа “Завод за заштита на спомениците на културата и музеј”-Струмица, како дел од годишната програма на Министерството за култура.

Зборникот содржи дел од текстовите на рефератите поднесени на овој научен собир, каде што за учество се пријавија триесетина истакнати и признати истражувачи од повеќе научни дисциплини. Треба да се напомене дека култот за св. Петнаесет тивериополски свештеномаченци од поодамна, поради своето значење, предизвикува мошне жив интерес не само кај нас туку и пошироко. И досега овој култ кој се анимирал и афирмирал на македонска почва, континуирано и комплексно е истражуван од страна на научните и стручните работници. Но, и покрај тоа, мноштво прашања поврзани со него сè уште не се одговорени, а за некои од нив меѓу истражувачите постојат различни мислења. Сметаме дека токму во тој поглед, со одржувањето на овој научен собир како и со печатењето на Зборникот на трудови, на научната, културната и пошироката јавност и презентираме можни одговори за ред прашања, поврзани со култот за св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици.

Вообичаено, потенцираме дека дел од изнесените погледи и мислења во објавените прилози на Зборникот, редакцискиот одбор ги смета како лични ставови на авторите.

Васил Ѓоргиев-Ликин

## **On the presented collection of papers**

The first academic conference/in honor of the patrons and protectors of the city of Strumica/ - the Holy Fifteen Hieromartyrs was held from 7th to 9th December 2018 on the following topic: *The Cult of the Holy Fifteen Tiberiopolian Hieromartyrs in the Medieval and the Newer Epoch - History, Culture, Tradition*. The conference was organized by the National Institution "Institute for protection of cultural monuments and Museum" – Strumica, as part of the annual program of the Ministry of Culture.

The collection contains part of the papers submitted for this academic conference where around thirty prominent and renown explorers from several academic disciplines participated with their presentations. It is worth mentionng that the cult of the Holy Fifteen Tyberiopolian Hieromartyrs, being a significant topic, has always attracted attention not only in the local environment but also in the wider academic circles. It is therefore a fact that the cult of these martyrs grown and developed on Macedonian land has often been viewed from differents aspects. However there are a number of things connected to it that have not been answered yet, or if answered, various explorers hold various opinions. Therefore, in respect to that, we find that by organizing the academic conference and by publishing this Collection of papers we offer the academic, cultural and wider public the possible answers to a series of questions connected to the cult of the Holy Fifteen Tyberiopolian Hieromartyrs.

As usual we note that part of the presented views and opinions in the papers published in this Collection are considered by the editorial board as personal views of their authors.

Vasil Gjorgiev - Likin

УДК: 72.012.75:728(497.742)

**ПЕТАР НАМИЧЕВ, ЈАСМИНКА НАМИЧЕВА**
Универзитет "Гоце Делчев", Штип

# ЧАРДАКОТ- ПРОСТОРНА СИНТЕЗА НА КУЌАТА ВО СТРУМИЧКО

## Вовед

Станбената архитектура во Струмичко достигнува најзначајна развојна форма во периодот на 19 и почетокот на 20 век. Во овој период се постигнува одредено ниво на инвентивност на градењето со автентична архитектонска форма, каде во најголема мерка се формира просторната и физичката структура на населбите. Во развојот на живеалиштата во Струмичко, констатираме постоење на голем број градби кои ги задоволувале сите просторни потреби на семејната заедница. Во контекст на актуелните економско-социјални и географско-климатски услови, се создала подлога за развој на едноставни првични живеалишта кои интензивно се граделе во 19-от век, кои понатаму продолжиле да се развиваат во насока на зголемување на просториите, нивното естетско обликување и сл. Подоцна се појавила потребата од просторно развивање на живеалишта во височина. Основата на куќата се градела вкопана во теренот со подрум од масивни ѕидови од камен, како подлога за катот. Чардакот на катот станал задолжителен отворен простор, кој имал повеќе намени, за работа, престој, одмор, одржување на веселби и сл. Притоа чардакот во основа имал најразлична развиена форма, прилагодена на конструкцијата, со функција да се поврзе со останатите содржини. Поради големиот број на станбени објекти кои се граделе во истиот период се добиени модели на просторни решенија, дефинирани според положбата на чардакот. На чардакот ретко се вградувал амбар во аголот каде што имало провев од двете страни на куќата (Мокрино). Според разновидноста на формата на живеалиштата констатираме постоење на голем број на креативни просторни решенија кои се формирани врз основа на потребите, народното искуство и економските можности на семејствата.

Во Банско најчесто биле градени куќи наречени *чардаклии* каде што чардакот бил отворен по целата должина на куќата. Терминот *чардаклија* се применува за куќа со *чардак* на катот (Ненадовиќ 2002) или како *трем на катот* (Дероко 1968). Истиот тип на куќа се градел за време на османлиското владеење, каде се поставувале метални решетки од надворешната страна на прозорците (Финдрик 1994).

Приземните куќи имале голема корисна површина, додека куќите со кат имале пространи чардаци кои ги задоволувале потребите на едно семејство со голем број на членови (Барбарево). Од надворешната страна најчесто се граделе скали од камени парчиња, за да се пристапи до куќата од стрмниот терен (Барбарево). Во овие населби најчесто се граделе куќи *чардаклии*, со приземје и кат каде што во приземјето била визбата и тремот, а на катот имало чардак и одаи. Приземјето имало наткриен простор, *потрем* (Мокрино), додека просторијата за чување на добиток или за чување на вино и ракија се нарекувала *колипче* (Мокрино) или колиба (Габрово). Од едната страна во просторијата најчесто се градел подѕид- *пезуљ*, кој служел за оставање на работи од домаќинството (Мокрино). Дел од тремот често се преградувал со ѕид од плет (импровизирана преграда од плетени прачки) каде што се чувале свињи- *бички* (Намичев 2014).

Куќите чардаклии најчесто се граделе со чардак на катот по целата должина, а приземјето било во камен со затворен трем и со внатрешни скали. На катот имало средна просторија за подготовка на леб. Чардакот бил со голема површина по целата должина или еден дел од габаритот на куќата (Дражево). Подоцна, дел од чардакот се преградувал и се добивала просторија, *одајче* (Мокриево). На чардакот, од надворешната страна на куќата, се градел подѕид- *трап*, како продолжение на ѕидовите од приземјето, наменет за седење. Во овој простор се поставувала подлога од штици или греди, додека подот бил изработен од набиена земја, а ист таков се градел и во одаите (Барбарево). На чардакот најчесто се вградувал амбар од дрвена конструкција, сместен средишно или на самиот агол заради обезбедување на провев (Дражево, Старо Коњарево, Смоларе, Мокрино). Вградениот амбар во куќата бил изработен од дрво и од горната страна имал отвори кои се затворале со дрвени капаци (Мокрино). На чардакот имало ниска дрвена ограда, *тропозани* (Бајково), *трпезан* (Вукосављевиќ 1965), а на *седлата*, дрвени обработени греди кои ги спојувале дрвените столбови и греди од покривната конструкција, се применувала геометриска декорација (Дражево).

Куќата со чардак- *чардаклија* била најзастапен модел на просторно решение кој постојано еволуирал со одредени дополнителни функционални. Чардакот во селската куќа е применет под влијание од градската куќа и под влијание на ориенталниот концепт на живеалишта во Струмичко (Дероко 1968). Чардакот се градел од практични причини во прилог на занимањето на населението, сушење на тутун, пченка и сл., како работен полуотворен простор (Дероко 1968).

Кај струмичката куќа, над површината на чардакот, се формирала платформа т. н. софа (Волињец 1989) која била оградена со ниска ограда, за престој во периодот на летото, што има влијание од ориенталниот концепт

на куќа кој се нарекувал диванхана, минсофа, софа и сл. (Дероко 1968). Чардакот во својата корисна површина ги опфаќа и елементите на површината на ходниците кои се потребни за комуникација помеѓу просториите. Подовите најчесто се изведувале со штици, додека на таванската површина се гледале гредите, без таванска обработка.

Ориентацијата на чардакот е најчесто кон јужната страна, особено ако населбата е поставена на терен во пад, односно со амфитеатрална положба на куќите.

**1. Типологија на чардакот**

Според компаративната анализа, односно врз основа на систематизирање на просторните решенија на куќите можеме да дефинираме одредена типологија која се базира на формата на чардакот во основа, според положбата во основата на куќата или според големината на површината во однос на целокупната големина на куќата.

**1. 1. Типологија според формата во основата на куќата**

Развојот на чардакот во просторната структура на селската куќа добива одредена форма: правоаголна, во форма на буквата Г или П, или со неправилна форма. Оваа форма произлегла, пред сè, од задоволување на функционалноста на чардакот во прилог на целата површина на куќата, од прилагодување на конструкцијата на куќата, како и кон задоволување на естетските критериуми на надворешниот изглед на целиот објект (табла 1).

**1. 2. Типологија според положбата на чардакот во основата на куќата**

Поставеноста на чардакот во однос на основата на куќата можела да биде во средина, по должината или на аголот од основата (Мокрино, Смоларе, Старо Коњарево, Бајково, Стиник, Габрово и др). Начинот на типолошко дефинирање на површината на чардакот, во основа може да се подели според неговата положба во основата: во аголна положба, по целата широчина на основата, во средишна положба, или по длабочина на основата. На тој начин се дефинира одредена функција според потребите на семејната заедница, односно големина на површината на чардакот. (табла 2).

**1. 3. Типологија според големината на чардакот во однос на основата на куќата**

Формата на чардакот може да се дефинира според неговата големина во однос на основата на куќата со што се практикувало да се формира правоаголна форма со вообичаена оптимална големина, со минимална површина, со половина од основата на куќата или форма со големина

прилагодена на формата на основата(табла 3).

Типолошките карактеристики можат да се дефинираат според одредена форма и положба на чардакот во однос на просторното решение на куќата, иако тоа не влијае во доволна мерка како функционалноста на површината на чардакот, која е примарна. Типолошките карактеристики се дефинираат со минимални отстапувања од основниот модел, односно потребата за вклопување на отворената површина во просторниот систем на куќата.

## 2. Конструктивни карактеристики

Бондручната конструкција на катот овозможува да се задоволат потребите на функционалноста на просторот, со вметнување на конструктивните елементи во структурата на куќата. Се користат традиционалните занаетчиски и градителски техники кои низ искуството на градење создале модели на обликување на отворениот простор на чардакот, притоа потенцирајќи го неговото значење во синтетизирањето на просторот.

Елементите кои се применети при градењето на чардакот се надоврзуваат на комбинирањето на статичката структура на камениот ѕид, кој се олеснува со дрвените греди кои, пак, формираат осмислен скелетен систем. Распонот на дрвените столбови, покрај стабилната статика содржи смислена пропорционална рамка, на точно поставени распони, складни во однос на преостанатиот волумен на габаритот на куќата.

Видлива е успешната композиција на градбата на куќите, каде се водело сметка, покрај занаетчиската рутина на народното градење, да се вклопат конструктивните елементи, правилната примена на еколошките материјали, за да се финализира со естетиката на завршната композиција на станбената градба.

На тој начин е остварена складна рамка во процесот на градење каде воедно се водело сметка за конструкцијата, изборот на материјалите, димензионирање на просторот, која била поврзана со мерката на човекот и неговите потреби, крајно економично проектирање на просторот произлезено исклучиво на личното искуство на градителите. На сето тоа се надоврзува етнолошкиот контекст на процесот на градење на куќите, преку обичаите околу влегувањето и користењето на новата куќа.

Преку конструктивната концепција на поставување душеме од дрвени греди над подлогата од камени ѕидови е создадена подлога за скелетниот систем. Покрај положбата на вратите и прозорците, се водело сметка за естетиката на надворешната форма со примена на исфрлени еркери кои имале видливи конструктивни елементи, со лачни завршетоци од горната страна на отворите.

Декорацијата на надворешните површини кај градската куќа се

применувала во рамките на правилните геометриски форми на конструктивните елементи, примената на лакот, декорацијата на површината на чардакот. Кај селската куќа, пак, изостанува надворешна декорација и се применуваат едноставни чисти форми на обработени дрвени елементи кои се складно вклопени во естетиката на формите на различни волумени на комплетниот изглед на куќата.

**3. Основни карактеристики на модел -чардаклија**

Моделот на просторна концепција на куќата во Струмичкиот Регион содржи одредени автохтони елементи што се дефинираат преку неколку функционални форми кои се повторуваат.

**А. Вграден амбар**

Основната карактеристика на просторот на чардакот е надополнета со поставување на конструкцијата на амбар, со капаци од горната страна кои овозможуваат формирање на простор во вид на платформа, над која имало ниска ограда, од надворешната страна. Местоположбата на чардакот е различна во зависност од ориентацијата на куќата, а најчесто амбарот е исфрлен на агол заради обезбедување на вентилација. Формата на амбарот покрај функционалната намена за складирање на производи, ја надополнува надворешната динамика на фасадното обликување. На одреден начин неговата честа застапеност на чардакот претставува препознатлив концепт на куќата во Струмичко (табла 4).

**Б. Полица исфрлена- мијалник, водник**

Покрај амбарот, често се поставува и прирачна исфрлена поличка од чардакот за чување на покуќнински предмети и заедно со амбарот ја формира групата на дополнителна просторна функционалност на површината на чардакот (табла 4).

В. Еркерот исфрлен од линијата на габаритот на куќата најчесто е вклопен со конструкцијата на амбарот. Тој е конструктивно и естетски синхронизиран со распоредот на носечките греди, кои се надоврзуваат на основната конструкција на куќата.

Значајна е анализата на големината (процент) на просторот кој го зазема чардакот во однос на габаритот на куќата. Чардакот зазема повеќе од една третина, половина (8м х 5м) од целокупната површина на катот (Вољинец, 1989).

Според анализата на основата на градската куќа од нејзината вкупна површина чардакот зазема од 17%, 20%, 31%, 32%, 33%, 35%, 37% до 45%. Кај селската куќа опфатот на површина на чардакот во целокупната површина на габаритот изнесува: кај приземната куќа од 9 до 31 %, кај

куќата чардаклија со приземје и кат од 11 до 45 %, додека кај братските куќи од 15 до 30 %. Додека висината на чардакот кај струмичката куќа се движи од 2,40м, 2,45м, 2,60м, 2,75м, 2,80м, 2,95м, до 3,00 м (табла 7).

Според формата на чардакот на градската куќа (табла 6), можеме да констатираме разновидност на просторот на чардакот во основа силно вклопен со останатите простории (Намичев 2014), каде кај одредени примероци се препознава влијание врз решенијата на куќите во селските населби во Струмичко. Висината на просторот на чардакот се одредувала со помала димензија во однос на приземјето, или со поголема височина од првиот кат (кај куќите со три нивоа), додека кај селската куќа висината на просторот на чардакот е со поголеми димензии во однос на висината на просториите во приземјето. Ова е резултат на поскромната просторна концепција на селската куќа во однос на градската куќа во Струмичко (табла 8).

**4. Анализа на просторната синтеза на куќата**

Преку просторната анализа на моделот на станбен објект во Струмичко може да се констатираат одредени специфични карактеристики:

-Чардакот претставува јадро околу кое се формира групирање на останатите потреби на човекот (работа, подготовка на храна, спиење, престој и сл. ). Притоа, се постигнува интеграција помеѓу човекот и просторната структура на куќата.

-Преку модуларна анализа се потврдува рационалната искористеност на просторот на чардакот, при што се применува димензионирање со примена на антропометријата на човековите димензии (Петровиќ 1955).

-Според димензиите и соодносот во основата на чардакот, можеме да констатираме најчесто однос 1:2 или 2:3, што е резултат на искуството и постапката на градителите(Миленковиќ 1977). Висината на чардакот има најчесто височина од околу 3,0 м, додека во однос на должината е со соодност најчесто 1:1,15 до 1:1,25м (Петровиќ 1955).

-Димензионирањето на височината на чардакот е во зависност од димензиите на човековото тело во исправена положба на стоење и намената на просторот.

-Чардакот се формира со скелетен систем од дрвени греди кој, воедно, го заградува просторот, но овозможува и негова отвореност. Флексибилноста на системот овозможува создавање на отворен план кој по потреба може да се адаптира. Поставувањето на прозорци, врати или огради е овозможено преку применетиот и вклопен систем во целокупната конструкција на куќата.

-Пропорционирањето на чардакот во однос на неговата висина одредува височина на чардакот која произлегува од потребите, соодносот

со другите височини на куќата и складноста во однос на севкупниот надворешен изглед на куќата.

-Местото и димензијата на декоративните детали на чардакот, односно столбот се вклопени со другите елементи на декорација, во одредена пропорционална складност, со што се заокружува естетиката на комплетната слика на чардакот.

-Чардакот е вклопен во одредена композиција на оската на симетрија (примарна) и кога постои секундарна оска на симетрија, и во голема мерка влијае врз успешноста на доминација на просторот на чардакот на фасадата, стабилноста на формата, цврстината и хармонијата.

-Конструктивниот и структурален концепт на чардакот кон останатиот дел од куќата овозможува создавање на контраст на формите. Овој ефект е изразен преку примената на различни волумени на чардакот и составните помошни простори (ограда, трон, мијалник и сл. ), со одредена геометриска форма.

-Чардакот влијае од аспект на структура на материјалите и бојата, односно на спротивностите на двата доминантни материјали, каменот и дрвото. Отвореноста на чардакот создава темни тонови од сенките и дифузното светло, особено кај отворените чардаци со што се потенцира колоритот и контрастот.

-Под влијание на ориентацијата зависи и создавањето на сенката, од длабочината на просторот, од каде и интензитетот на контрастот се зголемува.

-Преку површината на чардакот се реализира функционално поврзување на просториите во вертикала, преку скалите од приземјето или од надворешниот простор.

-Во доменот на извршување на функцијата на работен простор, ги синтетизира просториите во една функционална целина каде се извршуваат сите работни активности на семејството.

-Чардакот претставува доминантен простор во целокупниот склоп на куќата.

-Чардакот претставува витална просторна структура која се надоврзува и ја оформува конструктивната концепција на куќата.

-Во својата концепција како полуотворен простор, се надоврзува на функцијата на дворното место и непосредната околина на габаритот на куќата.

## Заклучок

Според извршените анализи, деталите на елементите на модели на живеалишта од типот на чардаклија, можеме да констатираме одредени суштински вредности на просторниот елемент на чардакот во однос на целокупниот концепт на живеалиштата.

- Типолошката анализа допринесува за дефинирање на формата на чардакот и неговата просторна концепција во однос на целокупната површина на куќата.
- Концептот на чардакот е произлезен и вклопен како синтеза на просторните барања, функционалните, конструктивните и естетските потреби.
- Во процесот на градење создавањето на чардакот се формира паралелно со архитектонското и конструктивното решение на куќата.
- Чардакот не може да се третира како самостоен просторен елемент затоа што е од витално значење и, воедно, ги синтетизира, функционално, просторно и структурно сите други простории во куќата.
- Чардакот во најголема мерка допринесува кон контрастната слика на надворешното обликување на куќата, со акцент на декорацијата.
- Чардакот со отворање на просторот има најголемо влијание на фасадната концепција и препознатливост на одредена куќа во населбите, со специфична форма.
- Чардакот претставува клучен елемент на поврзување на затворените простории со околниот простор, непосредно околу куќата или со поширокиот простор на населбата, со што директно влијае на формирање на природниот пејзаж.
- Забележлива е внимателна изведба на координирана димензионираност и естетска усогласеност на волумените на одделните елементи, притоа се почитува комплетната форма на куќата.

Според основните карактеристики на градбата, струмичката куќа претставува вариетет на сличните модели во Вардарската област, со видно изразени ориентални карактеристики. Куќата од овој предел има сличности во еволутивниот развој и начинот на градбата со куќите од Пиринскиот крај во Бугарија (Банско, Мелник, Пирин) (Кожухаров 1967, 43-39), делови од јужниот дел на Србија (Финдрик 1994, 83-91) и некои делови од Албанија (Vendbanimedhebanesapopulloreshqiptare 2004, 190-194).

Покрај автохтоните архитектонски карактеристики со локални традиционални вредности, куќата во Струмичко содржи одредени специфични конструктивно – естетски вредности, со модели на просторни концепти кои имаат свое место во културното градителско наследство во регионот.

**Petar Namičev, Jasmina Namičeva**
**University of Goce Delchev - Shtip**

## THE PORCH -SPATIAL SYNTHESIS OF THE HOUSE IN STRUMICA AREA

**Summary**

The porch of the house from Strumica is them ostsignificant spatial and functional element with dominantand polyvalent significance, where it sin fluences areanal yzedinall segments of the traditional way of living and building of houses. The basics patialand functional elements of the porch are connected. The analyzes refertoits spatials tructure, the adjust eddimension of the size of the house, construct iveint egration, a vital content conception, a certainl evel of decoration, emphasized multifunctionality, relationship and connection to the surroundings pace and other polyvalent characteristics. The appearance of the balcony affects all segments of the traditional way of building an dusing the house, thus creating in digenous characteristics of the residential architecture of the sam eperiod.

Литература


Вољинец Р. (1981) *Чардакот во старата македонска куќа за живеење*, Скопје, 113-131.

Вољинец Р. Хаџиева Ј. (1989) *Старата струмичка куќа- архитектура што исчезнува*, Зборник на трудови, ЗЗСКМС, Струмица.

Вукосављевиќ С. (1965) *Историја сељачког друштва*, 2, Социологија становања, САНУ, Београд.

Дероко А. (1968) *Народно неимарство 1*, Стара сеоска куќа, САНУ, Београд.

Kojic B. (1949) *Stara gradska i seoska arhitektura u Srbiji*, Prosveta, Beograd.

Петровиќ Д. (1955) *Народна архитектура, доксати и чардаци*, Београд, 1955.

Vendbanimedhebanesa popullore shqiptare (2004) Botimettoena 1, Tirane,

Златевъ, Т., (1930) *Българската къща*, кн. 1, Селска къща, София.

Кънчов, Васил, (1970), *Избрани произведения,* Том 1, София: Наука и искуство.

Кожухаров, Г., (1967) *Българската къша през пет столетия*, София: БАН.

Миленковиќ Б. *Примери из антропоморфне анализе зграде за становање у Македонији,*1977, Београд.

Намичев П. (2014) *Традиционалната архитектура во Струмица и Струмичко*, НУ Завод и музеј Струмица.

Намичев П. Намичева Е. (2014) *Градската куќа во Струмица од 19 и првата половина на 20 век*, Зборник на трудови ЗЗСКМС, Струмица.

Намичев П. (2011) *Традиционалното градителство во Струмичко од 19 и почетокот на 20 век,* Зборник Етнологија, 4 (4), Музеј на Македонија, Скопје.

Ненадовиќ С. (2002)*Илустровани речник израза у народној архитектури*, Просвета, Београд.

Ристиќ, М., (1925), *Струмица*, географско –историска расправа, Београд: штампарија Св. Саве.

Финдрик, Р, (1994), *Народно неимарство, становање*, Сирогојно.

# ПРИЛОЗИ

| | |
|---|---|
| 1 |  |
| 2 |  |
| 3 |  |
| 4 |  |

Табла.1.Форма на чардак според форма во основа на куќата1.Правоаголна форма, 2.форм на буква Г, 3.Форма на буква П, 4.Неправилна форма

| | |
|---|---|
| 1 |  |
| 2 |  |
| 3 |  |
| 4 |  |

Табла 2. Положба на чардакот според неговата положбата во основа: 1.Во аголна положба, 2.По цела та широчина на основата, 3. Во средишна положба, 4. По длабочина на основата

| | |
|---|---|
| 1 |  |
| 2 |  |
| 3 |  |
| 4 |  |

Табла 3.Форма на чардак според неговата големина во односна основата на куќата1.Правоаголна форма со вообичаена оптимална големина, 2.Минимална површина Г, 3.Половина од основата, 4. Форма со големина прилагодена на формата на основата



Табла 4. ПОЛОЖБА НА АМБАР НА ЧАРДАК ВО ОСНОВАТА НА КУЌАТА



Табла 5. ПОЛИЦА ОД ЧАРДАК

ФОРМА НА ЧАРДАК ВО ОСНОВА – ГРАДСКА КУЌА СТРУМИЦА



Табла 6.



| Висина |
|---|
| 2.40 м<br>2.45 м<br>2,60 м<br>2,75 м<br>2,80 м<br>2,95 м<br>3,00 м |
| Просечна<br>2,70 м |

Табла 7. ПРЕСЕК НИЗ ПРОСТОРОТ НА ЧАРДАК- ГРАДСКА КУЌА СТРУМИЦА

| СЕЛСКА КУЌА | ГРАДСКА КУЌА |
|---|---|
| ПРИЗЕМНА 8,52 % - 30,95 % просечна 21,2 % | |
| ПР + КАТ 11,17 % - 45,16 % просечна 30,25 % | 19,30 % - 44,55 % просечно 31,85 % |
| БРАТСКА 15,51 % - 30,51 % просечна 25,33 % | |



Табла 8.




Табла 9.

СОДРЖИНА

КОН ЗБОРНИКОТ НА ТРУДОВИ........................................................7

ON THE PRESENTED COLLECTION OF PAPERS...................................9

ЃОРГИ ПОП-АТАНАСОВ, РАКОПИСНОТО КНИЖЕВНО НАСЛЕДСТВО НА СТРУМИЧКАТА ЕПАРХИЈА........................................................13

ВЕРА СТОЈЧЕВСКА АНТИЌ, „СВЕТИТЕ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ“ И „СВЕТИТЕ СЛАВНИ ЧЕТИРИЕСЕТ БИТОЛСКИ ПРЕПОДОБНИ МАЧЕНИЦИ“......................................25

ЈОВАН БЕЛЧОВСКИ, СОЛУНСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ПОМЕЃУ КОНСТАНТИНОПОЛ И РИМ ВО IV - VI ВЕК.................................37

АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ, НЕКОИ НЕДОРЕЧЕНОСТИ ЗА РАСПРОСТРАНУВАЊЕТО НА КУЛТОТ НА СВЕТИТЕ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ НА БРЕГАЛНИЦА.......49

МИТКО Б. ПАНОВ, КУЛТОТ НА СВЕТИТЕ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ ВО ИДЕОЛОШКИОТ КОНЦЕПТ НА ТЕОФИЛАКТ ОХРИДСКИ............................................................63

ВАСИЛ ЃОРГИЕВ-ЛИКИН, СТРУМИЧКИТЕ ИКОНИ ЗА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ..........75

ВИКТОР НЕДЕСКИ, ИДЕНТИТЕТСКИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ СТРУМИЧКИОТ ЕПИСКОП КОНСТАНТИН КАВАСИЛА, АВТОР НА КАНОНИТЕ НА СВЕТИТЕ ПЕНТАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ.........................................................................................103

СТЕФАН ВЛАХОВ-МИЦОВ, КЛУЧНИ ПРАШАЊА, ОДНОСНО КУЛТОТ ЗА СВЕТИТЕ 15 ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ.........109

ТРАЈЧЕ НАЦЕВ, БОШКО АНГЕЛОВСКИ, АТРИУМИ ВО РАНОХРИСТИЈАНСКИТЕ ЕПИСКОПСКИ ЦЕНТРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА...........................................................................117

ВИКТОРИЈА ГРОЗДАНОВА КОЦЕВСКИ, ИЛУСТРАЦИИ ОД ЖИТИЕТО НА СВ. АПОСТОЛ ТОМА ВО ОЛТАРНИОТ ПРОСТОР НА ЦРКВАТА УСПЕНИЕ НА БОГОРОДИЦА - КАМЕНСКО................................127

ЕЛИ ЛУЧЕСКА, КУЛТОТ КОН МОШТИТЕ НА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ...............................135

АНГЕЛИНА ПОПОВСКА, КОНЗЕРВАЦИЈА НА ЦРКОВНИ ПРЕДМЕТИ ОД СТРУМИЧКО.........................................................................153

ЈАСМИНА ПИЈАНМАНОВА, АНТРОПОЛОШКИТЕ СОГЛЕДУВАЊА НА КУЛТОТ СВ.15 ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ......165

ДУШКО ЦВЕТАНОВ, СВЕТИ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ, ОД ЦРКОВЕН КОМПЛЕКС ДО ЦИВИЛНО ПРЕДГРАДИЕ НА СРЕДНОВЕКОВНА СТРУМИЦА.....................175

АНА ВИТАНОВА РИНГАЧЕВА, ПОЕМАТА „ПЕТНАЕСЕТТЕ“ ОД ИВАН ВАСИЛЕВСКИ – МЕЃУ ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА И ПОЕТОВАТА ФАСЦИНАЦИЈА..........................................................................189

ТОДОР ЧЕПРЕГАНОВ И СОЊА НИКОЛОВА , МАКЕДОНСКО-АВСТРАЛИСКИОТ НАРОДЕН СОЈУЗ И ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКОВНИ ОПШТИНИ ВО АВСТРАЛИЈА.........197

ПЕТАР НАМИЧЕВ, ЈАСМИНКА НАМИЧЕВА, ЧАРДАКОТ- ПРОСТОРНА СИНТЕЗА НА КУЌАТА ВО СТРУМИЧКО.....................................205

НИКОЛА Д. САРАЈЛИЈА – МАКЕДОНСКИ, СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – РОДОНАЧАЛНИК НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ И ЛИТЕРА ТУРА...........................................................................................221

ИВАН КОТЕВ, СВЕТИТЕ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ВО ФОЛКЛОРОТ ОД СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО..........................................................................229

СУЗАНА МИЦЕВА, КУЛТОТ НА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ВО КУЛТУРНАТА МЕМОРИЈА НА СТРУМИЧАНИ, НЕКОГАШ И ДЕНЕС............................................243

АНИЦА ГЛИГОРОВА-МИЛЕВА,КУЛТОТ ЗА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ОД ИСТОРИСКИ И КНИЖЕВЕН АСПЕКТ.....................................................................255

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

КУЛТОТ ЗА СВ. ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ ВО СРЕДНОВЕКОВНАТА И ВО ПОНОВАТА ЕПОХА - ИСТОРИЈА, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

За издавачот
Ацо Манински

Лектор
Виолета Крстеска

Превод од македонски на англиски јазик
Македонка Маџирова

Компјутерска обработка
Никола Новески

Печат
ДПТУ ФОКУС РЕПРО, дооел - Скопје

Тираж
300 примероци

Печатењето на Зборникот на трудови е помогнато од Министерството за култура на Република Македонија

Министерство за култура